# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАЗВОЈ НА СКОПСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН ЗА 2019 ГОДИНА

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА
СКОПСКИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН

Врз основа на член 20, став 2 од Законот за рамномерен регионален развој ("Службен весник на РМ 63/2007,187/2013,43/2014), Центарот за развој на Скопски плански регион до Советот за развој на Скопски плански регион поднесува:

# ***ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАЗВОЈ НА СКОПСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН 2015-2019 за 2019 година***

Годишниот Извештај за спроведување на Програмата за развој на Скопски плански регион 2015-2019 година го опфаќа периодот јануари-декември 2019 година.

Центарот за развој на Скопски плански регион во координација со 17 (седумнаесет) единици на локалната самоуправа и Градот Скопје во состав на регионот, реализираше активности во 2019 година согласно утврдените приоритети во едногодишниот акциониот план за 2019 година.

Годишниот Извештај за спроведување на Програмата за развој на Скопскиот плански регион 2015 - 2019 за 2019 година, опфаќа активности поврзани со реализација на проекти од регионален карактер од страна на општините во Скопскиот плански регион како и Центарот за развој на Скопски плански регион преку Програмите за рамномерен регионален развој на Министерството за локална самоуправа и Бирото за регионален развој, проекти финансирани од фондовите на Европската Унија и други донатори, како и буџетите на општините.

Годишниот извештај, опфаќа и проекти од областа на Регионалниот развој кои се финансираат преку други линиски министерства на Р.Македонија, а кои се совпаѓаат со стратешките цели на Програмата за развој на Скопскиот плански регион 2015—2019, како и проекти реализирани од други заинтересирани страни / чинители, во кои Центарот се јавува како партнер или за истите има добиено информација за нивно спроведување .

## ***Визија за регионален развој на Скопскиот плански регион***

***Скопскиот плански регион е конкурентен регион во ЈИЕ со препознатлив потенцијал за инвестиции и развој во функција на подигање на стандардот и квалитетот на живот на граѓаните и искористување и заштита на природното и културно наследство рамномерно во регионот.***

*Преглед на имплементација на Програмата на Скопски плански регион во текот на 2019 година, даден по стратешки области и конретни цели:*

**I: Подобрена конкурентност на регионот преку потикнување и развој на МСП, носечките индустрии и развој на модерна инфраструктура**

## СЦ 1:КЦ 4: Подобрување на транспортот и развој на транспортната и комуникациската инфраструктура

Главни приоритети за остварување на првата среднорочна цел се:

### 1.4.1 Подобрување и развој на транспортната инфраструктура

Од оваа програма во 2019 година се реализирани следниве проекти/активности:

- **„Реконструкција на коловозот на улицата „ Рилски Конгрес “, локалитет Тасино Чешмиче, Општина Центар**

Проектот е финансиран од МЛС/БРР и кофинансиран од Општина Центар која е еден од партнерите во проектот. Партнери во проектот се Општина Центар, Општина Кисела Вода и Град Скопје.

Со реконструкција на пристапниот пат "Рилски Конгрес", се подобрува сообраќајниот режим на територија на Општина Центар и Општина Кисела Вода, на локалитетите, Црниче, Пржино и Долно Водно. Во рамки на проектот обновена е целосно асфалтната површина на улуцата . Улицата Рилски Конгрес е алтернативен правец на движење, кој овозможува намалување на бројот на возила во периодите на сообраќаен шпиц. Создавањето на можноста за користење на алтернативни сообраќајни коридори паралелни на магистралните коридори (улица Востаничка) во голема мера ќе ја зголеми пропусноста во правец Север-Југ, поврзувајќи ги насебите Црниче, Пржино и Водно со магистралните сообраќајници Булевар Македонија и Булевар Кочо Рацин и Булевар Климент Охридски.

- **„Реконструкција на регионален пат Хиподром - Илинден’’**

Проектот е финансиран од МЛС/БРР и кофинансиран од општина Центар која е еден од партнерите во проектот. Партнери во проектот се општините: Гази Баба, Илинден и Арачиново

Со проектот ‘’Реконструкција на регионалениот пат Хиподром – Илинден’’ поврзуваме две мошне динамични и просперитетни општини. Должината на патната делница е 1,9км и се протега од булеварот Благоја Стефковски до надвозникот за поврзување со автопатот А2.

Со оваа патна делница се поврзуваат општина Гази Баба со Општина Илинден и Општина Арачиново, овозможувајќи на населението, бизнисот и стоките да се движат во правец на трите општини, како и да се поврзат со автопатската делница А2.

- **„Изработка на Техничка документација за реконструкција и проширување на ул.3 , ул.2 и дел од улицата од населба Шуто Оризари до село Горно Оризари"**

Проектот е финансиран од МЛС/БРР и кофинансиран од општина Центар која е еден од партнерите во проектот. Партнери во проектот се општините: Шуто Оризари и Бител.

Овој проект и проектирањето на овие улици е од големо значење за рамномерниот регионален развој помеѓу урбаните и руралните делови на градот Скопје и наведените општини.

Локален пат започнува на јужната страна од улицата ,,Индира Ганди''(продолжение на ул,,Македонско Косовска бригада'') кај железничкиот надвозник на влезот во општина Шуто Оризари, врти лево во правец на село Визбегово, поминува низ него, се спојува со улицата ,,2'' и се спојува повторно кај улицата ,,Индира Ганди''на североисточниот дел, продолжува по локалниот пат за село Горно Оризари. Улицата е во должина од 7.250км.

Со реализација на овој проект се обезбедува поврзување на урбаните и руралните делови од овие општини со една современа сообраќајница. Избегнување на сообраќајниот хаос, тесните сообраќајни грла во населбата Шуто Оризари , побрз полесен пристап до обиколницата Скопје -Тетово и улицата ,,Александар Урдаревски'', како и до селата во Скопска Црна гора и културно историските споменици на тоа подрачја.

- **,,Изработка на Техничка документација со ревизија за општините Чаир и Сарај"**

Проектот е финансиран од МЛС/БРР и кофинансиран од општина Центар која е еден од партнерите во проектот. Партнери во проектот се Општина Чаир и Општина Сарај.

Се работи за проект кој е изработен во два дела односно два лота:

**Прв дел:** Со изработка на документацијата во Општина Чаир се поттикнува употреба на велосипедите како главно срестсво на сообраќај и се намалува бројот на употребени возила, а со тоа доаѓа до намалување на емисијата на штетни гасови во природата. Овој проект претставува важен сегмент во поврзувањето на општините Чаир и Бутел со што значително се намалува интензитетот на користење на моторни возила, а со тоа ќе се придонесува кон заштитата на животната средина.

**Втор дел:** Со изработка на техничка документација за Општина Сарај значи создавање на услови за поврзување на урбаните со руралните делови како и подобрување на економскиот развој на целиот плански регион. Локалниот пат за село Бојане Општина Сарај според своето значење, местоположба и функција е класифициран како крак од регионален пат и истиот е од посебно сообраќајно и економско значење за општината и регионот. Кракот од регионален пат од Р- 402 од село Бојане до населено место Сарај, од околу 2,6 км, овозможува брза и безбедна комуникација помеѓу жителите на овие места и Градот Скопје.

## III: Подобрен квалитет на животната средина во Скопскиот регион

### СЦ 3:КЦ 1: Комунална инфраструктура

Главни приоритети за остварување на првата среднорочна цел се:

### 3.1.1 Развој на системите за водоснабдување

Од оваа програма во 2019 година се реализирани следниве проекти/активности:

- **,,Подготовка на Техничка документација (Основен проект со ревизија) за водоснабдување, Општина Арачиново"**

Проектот е финансиран од МЛС/БРР и кофинансиран од општина Центар  која е еден од партнерите во проектот. Партнери во проектот се општините: Арачиново, Илинден и Гази Баба.

Според проектната програма водоснабдителниот систем се наоѓа во Општина Гази Баба н.м. Идризово од овој водоснабдителен систем се снабдуваат со вода некои н.м. од двете Општини Гази Баба и Илинден во која постои постои и водоснабдителна мрежа до Општина Илинден целта  на ова изработка на техничка документација е и Општина Арачиново да биде корисник на овој водоснабдителен систем поради која постои можност и Општина Арачиново да се поврзува преку актуелната мрежа на водовод што е до Општина Илинден.

Изработката на техничата документација на основен проект со ревизија за водоснабдување по реализацијата на документацијата и на работите што ќе се предвидат во техничката документација решава еден голем регионален проблем бидејки ние како Општина Арачиново со актуелната состојба со водоснабдувањето што ја имаме не можеме да ги исполнуваме условите да ги снабдуваме со вода домаќинствата во н.м. Арачиново.

## 3.1.2 Подобрување на системите за одведување и прочистување на отпадните води и развој на системи за одведување на атмосферските води

- **,,Изградба на потпорни ѕидови и плоча во должина од 100 метри преку делумно уредување и покривање на каналот во село Синѓелиќ, Општина Гази Баба. 1 - Фаза"**

Проектот е финансиран од МЛС/БРР и кофинансиран од општина Центар  која е еден од партнерите во проектот. Партнери во проектот се Општина Гази Баба и Општина Арачиново.

Каналот кај с. Синѓелиќ, претставува запоставено место, кое, во летото 2016-та година, беше едно од главните причинители на штетата од надојдените води од поројните дождови.

Овој проект претставува прфа фаза, и со него ќе се овозможи облагородување на 100 метри должни над и околу каналот во с. Синѓелиќ и ќе овозможи искористување на еден запоставен простор, во функција на сите жители на с. Синѓелиќ.

Со реализација на проектот се придонесува кон заштита на водните ресурси и почвата. Се пристапува кон уредување и регулирање на дел од каналската мрежа во регионот . Исто така со овој проект и негова реализација се намалуваат и ризиците од излевање на каналот при доток на поголеми атмосферски води, со што се намалуваат и ризиците од можни поплави во тој регион.

# ДЕЛ 2: ФИНАНСОВ ИЗВЕШТАЈ НА ЦРСПР ЗА 2019 ГОДИНА

**ДЕЛ 2: ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА ЦЕНТАРОТ ЗА РАЗВОЈ НА СКОПСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН ВО 2019 ГОДИНА**

Основа за изработка на финансискиот извештај се:

- Завршната сметка на Центарот за развој на Скопски плански регион за 2019 год. и
- Завршните сметки за 2019 год. за слените проекти:

- „Формирање на бизнис центар - Проект – Одржлив инклузивен рамномерен регионален развој 1 фаза

| Р.бр | | Износ (во денари) |
|---|---|---|
| | **<u>ПРИХОДИ</u>** | |
| 1 | Пренесен вишок на приходи од претходни години (31.12.2018) | 21.218.663,00 |
| 2 | Приходи од Општините за тековно работење на Центарот за тековно работење | 3.779.598,00 |
| 3 | Приходи од Мин. за локална самопр. за 2019 за тековно работење | 1.000.000,00 |
| 4 | Приходи од Мин. за локална самопурава/БРР за проекти 2019 | 16.074.466,00 |
| 5 | Приходи од општини за кофинансирање на проекти | 7.938.523,00 |
| 6 | Приходи за менаџирање од Проект – Одржлив инклузивен рамномерен регионален развој | 212.696,00 |
| | **Вкупно приходи** | **50.223.946,00** |
| | | |
| | **<u>РАСХОДИ</u>** | |
| 1 | Бруто плати и други надоместоци | **3.350.267,00** |
| 2 | Нето плата и надоместоци | 3.075.674,00 |
| 3 | Други надоместоци | 274.593,00 |
| 4 | **Патни и дневни расходи** | **86.202,00** |
| 5 | **Комунални услуги, греење, комуникација, транспорт** | **321.299,00** |
| 6 | Поштенски услуги | 20.113,00 |
| 7 | Телефонија и телефакс | 93.238,00 |
| 8 | Транспортни услуги | 207.948,00 |
| 9 | **Материјали и ситен инвентар** | **65.585,00** |
| 10 | Канцелариски материјали | 13.620,00 |
| 11 | Прехрамбени продукти и пијалоци | 49.336,00 |
| 12 | Дуги материјали | 2.629,00 |
| 13 | **Поправки и тековно одржување** | **68.780,00** |
| 14 | Поправки и одржување на софтверска и хардверска опрема | 40.165,00 |
| 15 | Поправка и одржување на опрема | 22.745,00 |
| 16 | Поправка и одржување на машини | 5.870,00 |
| 17 | **Договорни услуги** | **1.270.857,00** |
| 18 | Изнајмување на канцелариски простор | 706.769,00 |
| 19 | Провизија за платен промет | 1.400,00 |
| 20 | Банкарска провизија | 236,00 |
| 21 | Правни услуги | 600,00 |
| 22 | Судски преведувачи | 146.301,00 |
| 23 | Други здравствени услуги | 10.200,00 |
| 24 | Други образовни услуги | 140.488,00 |
| | | |

| | | |
|---|---|---|
| 25 | Преведувачи | 22.339,00 |
| 26 | Услуги за копирање,печатење и издавање | 5.338,00 |
| 27 | Други договорни услуги (сметководство, јавни набавки,....) | 237.186,00 |
| 28 | **Други тековни расходи** | **416.559,00** |
| 29 | Расходи за репрезентација | 51.662,00 |
| 30 | Семинари и конференции | 51.027,00 |
| 31 | Објавување на огласи | 237.432,00 |
| 32 | Други оперативни расходи | 76.438,00 |
| 33 | **Купување на опрема** | **50.776,00** |
| 34 | **Капитални расходи за реализација на проекти** | **16.513.201,00** |
| | **Вкупно расходи** | **22.143.526,00** |
| | | |
| | **Пренесено салдо на 31.12. 2019 ВКУПНО** | **28.080.420,00** |

**ПОДСМЕТКА НА ПРОЕКТ: Формирање на бизнис центар** Проект – Одржлив инклузивен рамномерен регионален развој 1 фаза

| Р.бр. | ПРИХОДИ | ИЗНОС |
|---|---|---|
| | | |
| 1 | **Донации од странство** | 3.789.002,00 |
| | | |
| | ВКУПНО | **3.789.002,00** |
| | **РАСХОДИ** | |
| 1 | **Расходи за проектни активности** | 2.352.162,00 |
| | ВКУПНО | **2.352.162,00** |
| | За пренос во наредна година | **1.436.840,00** |
| | | |

# ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА СКОПСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН

**Ул. Димитрие Чуповски бр.13**

**Стопанска комора на Македонија, кат 1**

**1000 Скопје, Р. Македонија**

**Tel. +389 2 3 244-033**

**+389 2 3 244-036**

**Email: contact@skopjeregion.gov.mk**

**www.skopjeregion.gov.mk**

| | |
|---|---|
| **ПРЕДЛАГА:** | Советник за административно-технички работи,<br>Г-ѓа Ирина Тростјанска |
| **РАЗГЛЕДУВА:** | Раководител на одделение за нормативно-правни и финансиски прашања и други стручно-административни и општи работи,<br>Г-ѓа Даниела Андоновска |
| **ОДОБРУВА:** | Раководител на ЦРСПР,<br>Г-дин Љупчо Кец Мицковски |
| **УСВОЈУВА** | Совет за развој на Скопски плански регион |